**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ**
**НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ**
Бр. 03-221/1
19.9.2012 год
Скопје

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование и членовите 329 и 334 став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Сл. весник на Република Македонија" бр. 156/2008), а во врска со барањето бр. 03-221/1 од 5.6.2012 год., на подносителот проф. д-р Зоран Трпоски, Комисијата за дисциплинска одговорност на студентите на Факултетот, на ден 19.9.2012 год., го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## за изрекување дисциплинска мерка

1. На студентот Александра Трајкова со индекс бр. 6715 насока проектирање и технологија на мебел и ентериер, поради користење на мобилен телефон и слушалки при писмено полагање на предметот нумеричко управување на машините на ден 4.6.2012 год., и се изрекува дисциплинска мерка-забрана за полагање на испити во првата редовна испитна сесија (јануари 2013 год).

2.Изречената дисциплинска мерка се објавува на огласната табла на Факултетот и се впишува во досието на студентот.

## Образложение

На ден 4.6.2012 год., при писмено полагање на предметот нумеричко управување на машините, од страна на предметниот наставник проф. д-р Зоран Трпоски е утврдено дека студентот Александра Трајкова со индекс бр. 6715 насока проектирање и технологија на мебел и ентериер, користела мобилен телефон и слушалки со што сторила дисциплинска повреда.

Како доказ за сторената повреда предметниот наставник ги достави слушалките, испитната тетратка на студентот како и индексот на студентот.

Постапувајќи по поднесеното барање а врз основа на приложените докази, во отсуство на студентот-уредно повикан, Комисијата утврди дека постои одговорност за сторената дисциплинска повреда и донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против одлуката на дисциплинската комисија, студентот може да поднесе приговор до Наставно-научниот совет, како второстепен дисциплински орган во рок од 8 дена од денот на приемот на ова решение.

**Комисија за дисциплинска одговорност**
**на студентите на Факултетот**
Претседател,
проф. д-р Виолета Ефремовска,

Доставено до:
- подносителот на барањето;
- студентот;
- досие на студентот;
- правна служба и архивата на Факултетот.